# ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛОВИ НА ОСИГУРУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ КАКО ПОСЛЕДИЦА ОД НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ КОН ОСИГУРУВАЊЕТО НА ЖИВОТ

**на**

**Акционерско друштво за осигурување**
**ВИНЕР ЛАЈФ – Виена Иншуренс Груп Скопје**
(WLUT2-5/2023)

## I. Воведни одредби

Член 1

1. Заедно со осигурување на живот во случај на смрт и доживување, се вклучува и дополнително осигурување во случај на смрт како последица на несреќен случај, за кое е платена дополнителна премија (во натамошниот текст: дополнително осигурување).
2. Дополнителното осигурување може да се договори единствено заедно со осигурување на живот, а овие услови за осигурување во случај на смрт како последица на несреќен случај (во натамошниот текст: Услови), заедно со Општите услови за осигурување на живот, претставуваат составен дел од Договорот за осигурување на живот.
3. Доколку е посебно договорено и доколку е платена дополнителна осигурителна премија, може да се вклучи уште едно дополнително осигурување во случај на смрт како последица на несреќен случај (само кај 3Д и Safe Life продуктите).

## II. Поим за несреќен случај

Член 2

1. За несреќен случај, во смисла на овие Услови, се смета секој настан што е неизвесен и не зависи од волјата на осигуреникот и што, дејствувајќи главно однадвор и нагло врз телото на осигуреникот, резултира со негова смрт.
2. Во смисла на претходниот став, за несреќни случаи се сметаат следниве случаи: прегазување, судир, удар со некој предмет или во некој предмет, електричен удар или удар од гром, паѓање, лизнување, срушување, ранување со оружје, убод или каснување од животно или убод од инсект, освен доколку со таквиот убод е предизвикано определено инфективно заболување.
3. За несреќни случаи се сметаат и следниве:
    1) труење со хемиски средства поради незнаење на осигуреникот, освен професионалните заболувања;
    2) инфекции на рана што е предизвикана од несреќен случај;
    3) труење поради вдишување отровни гасови или пареи, освен професионални заболувања;
    4) изгореници од оган или електрична енергија, жешки предмети, течности или пареа, киселини или бази, и слично;
    5) задавување и давење;
    6) гушење и задушување поради потрупување (со земја, песок, бетон);
    7) дејство на светлина, сончеви зраци, на температура или лошо време, доколку осигуреникот бил изложен на нив непосредно поради несреќен случај што настанал пред тоа, или се нашол во такви непредвидени околности што не можел да ги спречи, или бил изложен на нив поради спасување на човечки живот;
    8) дејство на рендгенски или радиоактивни зраци, доколку настапат нагло или ненадејно, освен професионални заболувања.
4. Во смислата на овие Услови не се сметаат за несреќни случаи:
    1) заразни, професионални и други заболувања, ниту пак последиците од психичките влијанија;
    2) стомачна кила, кила на папокот или други видови на кила, освен оние видови кила што настануваат како последица од директно оштетување на стомачниот ѕид под непосредно дејство на надворешна механичка сила врз стомачниот ѕид, доколку по повредата се утврди трауматска кила, при што заедно со неа клинички е утврдено повредувањето на меките делови на стомачниот ѕид во тоа подрачје;
    3) инфекции и болести што настануваат поради различни алергии, исеченици или кинење на плускавци или други израстоци од тврда кожа;
    4) анафилактички шок, освен доколку не настапи при лекувањето поврзано со настанатиот несреќен случај;
    5) последици што настанале поради делириум тременс и дејството на дроги;
    6) последици од медицински, особено оперативни зафати што се преземаат заради лекување или превентива за спречување на болести, освен доколку таквите последици настапиле поради докажана грешка на медицинскиот персонал (витиум артис);
    7) несреќни случаи што се предизвикани од инфаркт – инфарктот во никој случај не се смета за последица на несреќен случај;
    8) несреќни случаи поради мозочен удар, нарушување на умот или свеста, епилептични напади, освен доколку и тие влијанија се непосредно предизвикани од несреќен случај што може да се сведе во рамките на несреќните случаи што се прифатени од осигурителот.

## III. Почеток и истек на осигурувањето

Член 3

1. Доколку дополнителното осигурување е склучено или обновено во исто време со осигурување на живот, почетокот на обврската на осигурителот е дефиниран во Општите условите за осигурување на живот.
2. Доколку дополнителното осигурување е склучено по почетокот на осигурување на живот, обврските на осигурителот започнуваат во 00.00 часот на денот што е утврден во писмениот договор како почеток на дополнителното осигурување, доколку претходно е платена првата премија. Доколку првата премија не е платена до денот на почетокот на осигурувањето, обврските на осигурителот започнуваат во 24.00 часот на денот на целосно плаќање на првата договорена премија.
3. Обврската на осигурителот за дополнително осигурување престанува:
    1) во 00.00 часот на денот утврден во осигурителната полиса како ден за истекување на дополнителното осигурување;
    2) во 24.00 часот на денот на кој осигурителот ќе добие барање од договарачот на осигурувањето за престанок на дополнителното осигурување, односно во 24.00 часот на оној ден до кој е платена премијата за дополнително осигурување;
    3) истовремено со престанување на обврските за осигурување на живот од истата полиса од која било причина;
    4) доколку осигуреникот душевно се разболи или е целосно лишен од своите деловни способности;
    5) кога настапува смрт кај осигуреникот.

## IV. Премија за осигурување

Член 4

1. Премијата за ова дополнително осигурување се плаќа во иста валута, на ист начин и истовремено со премијата за осигурување на живот согласно Општите услови за осигурување на живот.
2. Осигурителот има право при исплата на надомест од осигурителната сума да ги одбие сите доспеани и неплатени премии од полисата и неплатени премии од полисата за осигурителната година во која настапила смртта кај осигуреникот.

## V. Обврски на осигурителот

Член 5

1. Кога настапува смрт кај осигуреникот како последица на несреќен случај во смисла на овие Дополнителни услови, осигурителот ја исплаќа:
   1) Осигурената сума во случај на смрт поради несреќен случај наведена во осигурителната полиса.

## VI. Обврски на осигурителот (само за ЗД и Safe Life продуктите)

Член 6

1. Кога настапува смрт кај осигуреникот како последица на несреќен случај во смисла на овие Дополнителни услови, осигурителот исплаќа:
   1) Осигурената сума во случај на смрт поради несреќен случај наведена во осигурителната полиса, и
   2) Доколку е вклучено дополнително осигурување во случај на смрт поради несреќен случај согласно член 1 точка 3 и е платена дополнителна премија, осигурителот е должен да ја исплати осигурената сума наведена во полисата за случај на смрт поради несреќен случај.

## VII. Ограничување на обврските на осигурителот

Член 7

1. Според овие Услови може да се осигурат само целосно здрави лица. Осигурителот може да осигура лица што не се целосно здрави, во зависност од процената на ризикот за секој случај поединечно, согласно сопствените акти и условите за анормални ризици.

Член 8

1. Доколку не е поинаку договорено и не е платена соодветно зголемена премија, осигурителниот износ се намалува пропорционално на премијата што би требало да се плати и вистински платената премија кога настанал несреќниот случај:
   1) при управување и пилотирање на авиони и секакви типови на воздухоплови, при скокање со падобрани, освен во својство на патник во јавен сообраќај;
   2) при тренинзи и учество на осигуреникот во спортови со зголемен ризик за кои осигурителот одредува поголема осигурителна премија. Под учество во ризични спортови од оваа точка се смета, но не и исклучиво, учество во следниве спортови: управување на воздухоплови, планинарење, тркање со моторни возила, коњски трки, нуркање, параглајдинг, сите боречки спортови, банџи скокање, падобранство, скијање на вода, едрење, алпинизам, возење во балон, американски фудбал, бадмингтон, кошарка, фудбал, бејзбол, бодибилдинг, стрелаштво, канион (качување), маунтин или ситибајк, хокеј, џокеј, галоп, велосипед – улични трки, атлетика, акробатика, гимнастика, рагби, тенис, одбојка, сквош, скијање, уметничко лизгање на мраз, ватерполо;
   3) при вршење на професии со зголемен ризик за кои осигурителот одредува зголемена осигурителна премија. Под професии со зголемен ризик од оваа точка се смета, но не и исклучиво, пред сè: работење во рудници, работи поврзани со ископување нафта, ураниум, природен гас и други минерали и камења; производство на метали, градежништво, професии поврзани со електричната енергија, производство на хемикалии и хемиски производи, пожарникари, спасувачи во ридско-планински служби, пиротехничари, рудари, сите професии поврзани со ракување со експлозиви и експлозивни уреди и материјали;
   4) кај лица кои имаат анормален ризик поради тоа што претрпеле некаква потешка болест, или во моментот на склучување на договорот се потешко болни или се оптоварени со вродени или здобиени потешки телесни мани или недостатоци чија општа работна способност е значително намалена.
2. Одредбите од овој член не се однесуваат на случаи за кои е поинаку договорено и е платена соодветна осигурителна премија.

## VIII. Исклучување на обврските на осигурителот

Член 9

1. Осигурителот се ослободува од какви било обврски доколку несреќниот случај настанал:
   1) поради земјотреси, поради поплави и други природни катастрофи;
   2) како последица на граѓанска војна, немири, востанија, насилства, воени операции или настани слични на војна; револуции, побуни, киднапирање или тероризам;
   3) поради детонација на експлозиви, мина, торпедо, бомба или пиротехнички средства;
   4) поради воени случувања и вооружени судири од каков било вид надвор од границите на Р. Северна Македонија;
   5) доколку осигуреникот управува со каков било воздухоплов, пловен објект, моторни и други возила без пропишаниот службен документ што на возачот му дава овластувања за управување и возење со тој вид воздухоплов, пловен објект, моторно или друго возило. Се смета дека осигуреникот го поседува пропишаниот службен документ доколку кога ги врши подготовките и полага испит за добивање на службениот документ, тој вози по непосреден надзор на службено овластен и стручен инструктор;
   6) поради самоубиство или како последица од обид за самоубиство;
   7) во случај кога договарачот на осигурувањето, осигуреникот или корисникот намерно го предизвикал несреќниот случај;
   8) при подготвување за вршење или при обид за извршување на казниво дело со умисла и при бегство по такво дејство;
   9) поради дејство на алкохол или наркотични средства врз осигуреникот, без оглед на каква било одговорност на трето лице за настанување на несреќниот случај.
   10) Се смета дека несреќен случај настанал поради дејство на алкохол:
       - Доколку во времето на настанувањето на несреќниот случај концентрацијата на алкохол во крвта на осигуреникот била поголема од 0,50 промили при управување со сообраќајно средство, а во останатите случаи поголема од 0,80 промили, под услов доколку таквата алкохолизирана состојба на осигуреникот била причинско-последично поврзана со настанувањето на несреќниот случај;
       - Доколку по сообраќајната несреќа осигуреникот одбие да подлежи на испитување на алкохолизираноста и доколку се оддалечи од

местото на сообраќајната несреќа пред доаѓањето на полицијата, односно доколку не повика полиција или доколку не ја извести најблиската полициска станица за сообраќајната несреќа, или доколку на друг начин го избегне алкотестот;
11) поради радиоактивна контаминација доколку интензитетот на зрачење, измерен надвор од кругот на микролокацијата на изворот на зрачење, бил над законски дозволените граници;
12) поради активно учество на осигуреникот во физичка пресметка (тепачка), освен во докажан случај на самоодбрана.
13) при вршење на работите на професионален војник од страна на осигуреникот.

2. Договорот за осигурување е ништовен ако во моментот на неговото склучување веќе настанал осигурениот случај или бил во фаза на настанување, или ако било сигурно дека ќе настане, а платената премија му се враќа на договарачот, намалена за административните трошоци и трошоците за лекарски преглед, доколку бил потребен таков.
3. Одредбите од овој член не се однесуваат на случаи за кои е поинаку договорено и за кои е платена соодветна осигурителна премија.

**IX. Право на регрес**

Член 10

1. Доколку осигурителот ја исплатил осигурената сума, не може по никаква основа да има право на надомест од трети лица одговорни за појава на несреќниот случај.

**X. Пријавување несреќен случај**

Член 11

1. Доколку настанала смрт на осигуреникот како последица на несреќен случај, корисникот на осигурувањето се обврзува писмено да го извести осигурителот на обрасци од осигурителот и да ја обезбеди потребната лекарска и друга документација.
2. Трошоците поврзани со докажување на околностите на случување на несреќниот случај и правата од Договорот за осигурување ги презема подносителот на барањето.
3. Осигурителот се овластува и има право да бара од договарачот на полисата, корисникот, здравствената установа или кое било друго физичко или правно лице дополнителни објаснувања или докази, со цел утврдување на важни околности околу пријавениот несреќен случај.
4. Доколку договорната страна или корисникот не му го пријави несреќниот случај на осигурителот, ниту достави целосна лекарска и друга документација, туку веднаш поведе судски спор против осигурителот, тогаш таквата тужба се смета за предвремена. Сите трошоци од таква судска постапка, без разлика на исходот, ги презема тужителот.

**XI. Утврдување на правата на корисникот**

Член 12

1. Доколку настанала смрт на осигуреникот како резултат на несреќен случај, корисникот се обврзува да достави пријава на обрасци на осигуреникот, полиса и доказ дека смртта настанала како последица на несреќен случај.
2. Корисникот што не е експлицитно наведен или предвиден во рамките на Договорот за осигурување е обврзан да достави доказ за своето право на добивање на осигурената сума.

**XII. Исплата на осигурената сума**

Член 13

1. Кога ќе се случи осигурен случај, осигурителот е обврзан да ја исплати осигурената сума согласно Договорот за осигурување во рок од 14 (четиринаесет) дена од денот кога корисникот ја доставил комплетната документација за настанатиот осигурен случај.
2. Доколку за утврдување на постоење на осигурителна обврска или нејзиниот износ е потребно значително време, овој рок почнува да тече од денот кога е утврдено постоењето на неговата обврска и нејзиниот износ, односно од денот кога кај осигурителот пристигнал последниот доказен документ.
3. Осигурителот се обврзува да го исплати осигурениот износ само доколку несреќниот случај се случил во периодот на траење на осигурувањето.
4. Исплатата се врши во денарска противвредност, пресметана по среден курс на НБСМ на денот на пресметката на исплатата.

**XIII. Корисник на осигурувањето**

Член 14

1. Во случај на смрт на осигуреникот, корисникот се утврдува од осигурителната полиса.
2. Доколку корисникот не е одреден на начин утврден во претходниот став, корисникот се одредува врз основа на Општите условите за осигурување на живот, чиј составен дел е и ова дополнително осигурување.

**XIV. Постапка на вештачење**

Член 15

1. Доколку осигурителот и договарачот на полисата, или корисникот не се согласуваат во врска со видот, причината или последицата од несреќниот случај и во врска со висината на обврските на осигурителот, тогаш спорните факти се проверуваат од страна на вештаци. Еден вештак се одредува од страна на осигурителот, а еден вештак се одредува од спротивставената страна. Пред вештачењето, назначените вештаци одредуваат трет вештак кој ќе даде свое стручно мислење само во врска со фактите што се спорни меѓу двајцата вештаци, а се во рамки на нивните наоди и мислења.
2. Секоја страна ги плаќа трошоците за вештакот што го одредила, а за третиот вештак трошоците ги плаќаат двете страни еднакво.

**XV. Застарување**

Член 16

1. Побарувањата од Договорот за дополнително осигурување на лице во случај на смрт поради несреќен случај застаруваат согласно одредбите од Законот за облигациони односи.

## XVI.Обработка на лични податоци

Член 17

1. Заради усогласување на сопственото работење со позитивните прописи, како и заради остварување на правата и обврските кои произлегуваат од договорите за осигурување, Осигурителот е должен да обработува лични податоци. Обработката на лични податоци од страна на Осигурителот се извршува согласно начелата за обработка на лични податоци предвидени во позитивните прописи, со примена на соодветни мерки за безбедност на обработката на податоците.
2. На официјалната интернет страница на Осигурителот, во делот на интернет страницата кој се однесува на лични податоци, сите заинтересирани страни можат да ги пронајдат следните информации кои се однесуваат на обработката на лични податоци од страна на Осигурителот: (1) идентитет и контакт информации, (2) контакт информации за офицерот за заштита на лични податоци, (3) целите на обработката и правниот основ за обработката на личните податоци, (4) легитимните интереси за обработка на лични податоци, (5) корисниците и категориите на корисници на лични податоци, (6) пренос на лични податоци во трета земја или меѓународна организација, (7) временскиот период за кој се чуваат личните податоци, и (8) правата на субјектите на личните податоци.

## XVII. Завршни одредби

Член 18

1. За односите меѓу договорните страни и други засегнати лица кои не се одредени во овие Услови, се применуваат одредбите од Општите услови за осигурување на живот, доколку истите не се во спротивност со овие услови.
2. Важечки закони за односните страни од овој Договор се законите на Р.Северна Македонија.
3. Осигурителот нема да изврши исплата на осигурана сума, било каков вид на побарување, или било каков вид на надомест, поврзани со договор за осигурување склучен според овие Услови за осигурување (или било кои други дополнителни услови за осигурување кои што се поврзани со овие Услови за осигурување), доколку исплатата на осигураната сума, плаќањето на побарувањето или плаќањето надоместот го изложи Осигурителот на било какви рестриктивни мерки определени со позитивни прописи на Организацијата на Обединетите Нации (ООН), Соединетите Американски Држави (САД), Обединетото Кралство (ОК), Европската Унија (ЕУ) и Република Северна Македонија (РСМ).
4. Условите за осигурување во случај на смрт како последица од несреќен случај влегуваат во сила од моментот на усвојувањето.

**Скопје, 01.11.2023 година**